РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

**Број 1003-398/5**

**Скопје, 07.08.2006 година**

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерство за финансии за 2005 година, на сметката за редовно работење кои се прикажани на страниците од 4 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Министерство за финансии за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - М-р Никола Поповски – министер на Министерството за финансии на Република Македонија.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 08.05 до 09.06.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со

извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

**10.1. Неправилности во искажување на билансните позиции**

Со увид во сметководствената евиденција, ревизијата констатира дека позициите Материјални средства и Извори на капитални средства се потценети поради неевидентираната вредност на инвестициите во тек (системот за контрола на пристапот и евиденција на работното време). Ревизијата не беше во можност да го квантицифира износот за кој се потценети средствата и изворите, бидејќи Министерството освен фактурите од изведувачот „Зоник“ за исплатениот аванс, нема други документи (фактури или ситуации) со кои би се утврдила вредноста на извршените услуги. Според склучениот договор во 2002 година, вредноста на системот изнесува 1.453 илјади денари.

**Препораки и мерки:**

Имајќи ја предвид презентираната коресподенција помеѓу “Зоник“ и Министерство-то за финансии, ревизијата препорачува, договорните страни записнички да ја дефинираат вредноста на извршените работи на предметната инвестиција, за да може истата сметководствено да се евидентира.

**10.2. Законско и наменско користење на средствата**

Исплатени се 1.010 илјади денари како месечен паушален надомест на членовите на редакцискиот колегиум и авторите на текстовите во Билтенот на Министерство за финансии. Исплатата е извршена врз основа на донесени решенија од министерот. И покрај препораките на ревизијата во претходните извештаи не е донесен акт со кој би се регулирале критериумите за висината на исплатените надоместоци.

Врз основа на наведеното, ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на искажаните расходи.

**Препораки и мерки:**

Министерството за финансии да донесе интерен акт со кој ќе се утврдат критериумите за правото и висината на надоместоците.


*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
***Палата Македонија - Скопје***
тел:3211-262, факс:3126-311

11. Според наше мислење, освен во наодите изнесени во точката 10.1, финансиските извештаи на Министерството за финансии за 2005 година вистинито и објективно ја искажуваат финансиската состојба и резултатот од финансиските активности во однос на важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, освен во наодите изнесени во точката 10.2, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

13. Преземени се мерки од страна на субјектот за дел од препораките и мерките на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2004 година и тоа:

   - извршено е евидентирање на залихите на канцелариски материјали;
   - ангажирањето на стручни лица и набавката на гориво се врши согласно Законот за јавни набавки

14. **Ревизијата е на мислење дека е потребно да се обелодени следново:**

   Ревизијата за 2004 година во Писмото до менаџерите даде забелешка за значајното учество на расходите за закупнина на деловен простор во вкупните расходи на Министерството. Со оглед на фактот што и во 2005 година овие расходи во износ од 28.042 илјади денари, претставуваат 8% од вкупните расходи, ревизијата е на мислење, Министерството да ја преиспита можноста за пренасочување на овие расходи кон откуп или изградба на објект со кој долгорочно ќе се реши прашањето за деловниот простор.

**Скопје, 07/08/2006 година** **Овластен државен ревизор**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

## Министерство за финансии
## Сметка за редовно работење
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година

во 000 денари

| Опис | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 352,771 | 305,649 |
| **Вкупно приходи** | | **352,771** | **305,649** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1 | 211,931 | 212,678 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2 | 1,490 | 5,176 |
| Стоки и услуги | 3.2.3 | 98,111 | 85,786 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4 | 250 | 1,019 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **311,782** | **304,659** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1 | 40,979 | 990 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **40,979** | **990** |
| **Вкупно расходи** | | **352,761** | **305,649** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **10** | **0** |

Образложенијата дадени од страна 7 до 15 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------

**Министерство за финансии**
**Сметка за редовно работење**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 10 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2 | 1,039 | 1,067 |
| Побарувања од вработените | | 0 | 19 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3 | 17,457 | 18,459 |
| Залихи | 4.1.4 | 1,416 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **19,922** | **19,545** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 8,765 | 4,140 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 122,415 | 103,153 |
| **Вкупно постојани средства** | | **131,180** | **107,293** |
| **Вкупна актива** | | **151,102** | **126,838** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1 | 2,194 | 2,503 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2 | 217 | 325 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3 | 15,068 | 15,681 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4 | 1,027 | 1,036 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **18,506** | **19,545** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 132,596 | 107,293 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **132,596** | **107,293** |
| **Вкупна пасива** | | **151,102** | **126,838** |

Образложенијата дадени од страна 7 до 15 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*
-----------------------------

**Министерство за финансии**
**Сметка за редовно работење**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали) | Извори на други средства | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **104,091** | **-** | **3,201** | **107,293** |
| **Зголемување по основ на:** | **46,447** | **1,416** | **-** | **47,863** |
| Набавки во текот на 2005 година | 39,960 | | - | **39,960** |
| Преостапени средства од Агенција за приватизација, Владата на Република Македонија, Компезациони фондови и УСАИД | 6,487 | | - | **6,487** |
| Зголемување според Извештајот за попис | - | 1,416 | | **1,416** |
| **Намалување по основ на:** | **22,454** | **-** | **106** | **22,560** |
| Амортизација | 22,454 | - | 106 | **22,560** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **128,084** | **1,416** | **3,095** | **132,596** |

Образложенијата дадени од страна 7 до 15 се составен дел на финансиските извештаи



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
тел:3211-262, факс:3126-311

*Овластен Државен ревизор*
-----------------------------